Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

**П Р А В И Л Н И К**
**за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**
**(консолидиран текст)**

Скопје, јули 2025 година

# П Р А В И Л Н И К
**за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**
**(консолидиран текст)**

(Бр.01-1209/2 од 30.09.2015 година, бр.01-500/6 од 26.04.2018 година, бр.01-260/3 од 30.03.2021 година, бр.01-646/3 од 29.04.2022 година, бр.01-1080/8 од 25.07.2023 година, бр.01-1263/7 од 30.09.2024 година, бр.01-1745/11 од 27.12.2024 година и бр.01-610/3 од 30.04.2025 година и бр.01-1039/4 од 04.08.2025 година)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработени односно административни службеници во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата), распоредот, категориите и нивоата, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

**Член 2**

Работите и задачите што се вршат во Агенцијата се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

**Член 3**

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Агенцијата.

**Член 4**

Табеларниот преглед на работните места во Агенцијата е даден на Образец број 1 кој е составен дел на овој Правилник.

## II. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 5**

"Со овој правилник се утврдуваат и опишуваат вкупно 50 работни места на административните службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на работата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, од кои пополнети се 30 и се распоредени на следниот начин:

| Категорија/ниво на работно место | Систематизирани работни места | Пополнети работни места и нивоа |
|---|---|---|
| Б01 | 2 | 0 |
| Б02 | 8 | 6 |
| Б04 | 15 | 11 |
| В01 | 14 | 5 |
| В02 | 1 | 1 |
| В04 | 4 | 3 |
| Г01 | 4 | 2 |
| Г04 | 2 | 2 |
| ВКУПНО | 50 | 30 |

**Член 6**

Општи услови за пополнување на работно место утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор на административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Член 7**

Раководниот административен службеник од категоријата Б треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

б) работно искуство, и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години

работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или

- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

в) општи работни компетенции за сите нивоа - категорија Б согласно со Рамката на општи работни компетенции и

г) посебни работни компетенции за сите нивоа – активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, положен испит за административно управување и други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

(3) Доказот за положен испит за административно управување од ставот (2) точка г) на овој член може да се користи при аплицирање на интерен или јавен оглас за работни места од категоријата Б, во рок од пет години од датумот на неговото издавање.

**Член 8**

Посебни услови, утврдени со Законот за административните службеници или колективен договор, за стручните административни службеници од категоријата В се:

1. стручни квалификации и тоа:
   - за нивото В01- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен
   - за нивото В02- VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.
   - за ниво В04 - VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или
   - завршен VII/1 степен и
2. активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
3. активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).
4. работно искуство:
   - за нивото В01 најмалку три години работно искуство во струката
   - за нивото В02 најмалку две години работно искуство во струката.

   и

   - за нивото В04 со или без работно искуство во струката.

Покрај условите од став 1 на овој член лицето треба да поседува и општи работни комепетенции на средно ниво и тоа:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Член 9**

Посебни услови, утврдени со Законот за административните службеници, за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

1. стручни квалификации и тоа:
   - VA или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или
   - најмалку вишо или средно образование.
2. активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
3. активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и
4. работно искуство и тоа:
   - за нивото Г01 најмалку три години работно искуство во струката,
   - за нивото Г02 најмалку две години работно искуство во струката и
   - за нивото Г04 со или без работно искуство во струката.

Покрај условите од став 1 на овој член лицето треба да поседува и општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

## III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА ЗА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 10**

Работните места во Агенцијата се групираат во организациони единици според категоријата и нивото на работното место, видот, обемот и сложеноста на работните задачи, видот на образование и други потребни услови и тоа како што следи:

| 1. | |
|---|---|
| **Реден број** | 1 |
| **Шифра** | МАП0101Б01004 |
| **Ниво** | Б01 |
| **Звање** | Главен советник |
| **Назив на работно место** | Главен советник на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за економски прашања |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата |
| **Вид на образование** | Општествени науки – економија и бизнис |
| **Други посебни услови** | -Работно искуство како вработен во регулаторно тело;<br>-познавање на домашните и меѓународните прописи, правила и стандарди во областа на капитално финансирано пензиско осигурување;<br>-познавање на домашните и меѓународните прописи од областа на економијата. |
| **Работни цели** | Ефикасна имплементација на законски измени, надзор над нивна целосна усогласеност и примена и координација и советување од областа на економските работи;<br>Предлози за политики по начелни прашања од областа на финансискиото работење |
| **Работни задачи и обврски** | -Дава стратешки насоки и предлози до Претседателот на Советот на експерти за политики, мерки и регулативи од областа на финансиите поврзани со пензиските фондови и друштва за управување со пензиски фондови.<br>-Учествува во изработка на предлог-закони, подзаконски акти, стратешки документи и информации што Советот ги разгледува или предлага до Влада, со акцент на финансиски импликации и супервизорски ефекти.<br>-Следи и анализира ризици и финансиски трендови во работењето на субјектите под супервизија и предлага мерки за намалување на системските и институционалните ризици.<br>- Обезбедува стручна поддршка при изготвување на политики за управување со средствата на пензиските фондови и заштита на интересите на осигурениците. |

| | |
|---|---|
| | -Го организира процесот на подготовка на буџетот и ребалансот на Агенцијата, како и следење на реализацијата и фискалната дисциплина на институцијата.<br>-Врши надзор и стручна контрола на финансиската документација, јавните набавки, буџетските трансакции и пресметки во рамките на Агенцијата и доставува извештаи до Претседателот на Советот.<br>-Го следи процесот на фискална анализа на нови законски предлози и предлага корективни мерки во насока на одржливост на пензискиот систем.<br>-Комуницира и координира со Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Народната банка и други државни органи во функција на обезбедување финансиска усогласеност и системска координација.<br>-Учествува во подготовка на годишна завршна сметка и организира книговодствено работење во согласност со законската регулатива и добрите практики.<br>-Извршува и други задачи определени од Претседателот на Советот на експерти. |

| 1А | |
|---|---|
| **Реден број** | 1А |
| **Шифра** | МАП0101Б01004 |
| **Ниво** | Б01 |
| **Звање** | Главен советник |
| **Назив на работно место** | Главен советник на Претседателот на Советот на експерти за развој на капитално финансираното пензиско осигурување и институционална соработка |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата |
| **Вид на образование** | Општествени науки – економија и бизнис |
| **Други посебни услови** | -Работно искуство како вработен во регулаторно тело;<br>-познавање на домашните и меѓународните прописи, правила и стандарди во областа на капитално финансирано пензиско осигурување;<br>-познавање на домашните и меѓународните прописи од областа на економијата. |
| **Работни цели** | Обезбедување стратешка поддршка, советување и координација за развој на системот на капитално финансирано пензиско осигурување, институционална соработка и реформи поврзани со пензиското осигурување. |

| | |
|---|---|
| **Работни задачи и обврски** | -Дава стратешки насоки и предлози до Претседателот на Советот на експерти за политики, мерки и регулативи од областа на финансиите поврзани со пензиските фондови и друштва за управување со пензиски фондови.<br>-Учествува во изработка на предлог-закони, подзаконски акти, стратешки документи и информации што Советот ги разгледува или предлага до Влада, со акцент на финансиски импликации и супервизорски ефекти.<br>-Следи и анализира ризици и финансиски трендови во работењето на субјектите под супервизија и предлага мерки за намалување на системските и институционалните ризици.<br>-Обезбедува стручна поддршка при изготвување на политики за управување со средствата на пензиските фондови и заштита на интересите на осигурениците.<br>-Го организира процесот на подготовка на буџетот и ребалансот на Агенцијата, како и следење на реализацијата и фискалната дисциплина на институцијата.<br>-Врши надзор и стручна контрола на финансиската документација, јавните набавки, буџетските трансакции и пресметки во рамките на Агенцијата и доставува извештаи до Претседателот на Советот.<br>-Го следи процесот на фискална анализа на нови законски предлози и предлага корективни мерки во насока на одржливост на пензискиот систем.<br>-Комуницира и координира со Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Народната банка и други државни органи во функција на обезбедување финансиска усогласеност и системска координација.<br>-Учествува во подготовка на годишна завршна сметка и организира книговодствено работење во согласност со законската регулатива и добрите практики.<br>-Извршува и други задачи определени од Претседателот на Советот на експерти. |

| 1Б Отсек за односи со јавност и стандардизација | |
|---|---|
| **Реден број** | 1Б |
| **Шифра** | МАП0101Б02001 |
| **Ниво** | Б02 |
| **Звање** | Раководител на Отсек |
| **Назив на работно место** | Раководител на Отсек за односи со јавност и стандардизација |

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Претседател на Совет на експерти |
| **Вид на образование** | Правни науки или економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Промовирање на капитално финансираното пензиско осигурување и информирање на јавноста, како и континуирано преиспитување на системот за управување со квалитет |
| **Работни задачи и обврски** | -Дава насоки за создавање механизми за промовирање на капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Дава насоки за воспоставување начин и постапка за информирање на јавноста;<br>-Дава насоки за создавање инструменти за оцена на јавното мислење за работењето на Агенцијата и функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Дава насоки за преиспитување на системот за управување со квалитет;<br>-Дава насоки за спроведување интерна проверка на системот за управување со квалитет;<br>-Ги дефинира, заедно со Советот на експерти на Агенцијата, целите и политиките на работењето на Агенцијата за прашања од негова надлежност;<br>-Ги организира седниците на Советот на експерти и водењето записници од тие седници;<br>-Ги организира состаноците на колегиумот и водењето записници од тие седници;<br>-Ги разгледува пристигнатите писма и поштенски пратки и ги дава на одговорното лице за распределба по организациони единици;<br>-Води евиденција на предмети кои се примени во Отсекот и<br>-Врши други работи што ќе му бидат доделени од претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |

| 1.1 Одделение за односи со јавност | |
|---|---|
| **Реден број** | 2 |
| **Шифра** | МАП0101Б04001 |
| **Ниво** | Б04 |
| **Звање** | Раководител на Одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на Одделение за односи со јавност |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Отсек за односи со јавност и стандардизација |

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | Економски науки, правни науки или организациони науки и управување |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Воспоставување на начин и постапка за информирање на јавноста и медиумите, како и организирање на јавни настапи, предавања и семинари |
| **Работни задачи и обврски** | -Учествува во создавањето на механизми за промовирање на капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Воспоставува начин и постапка за информирање на јавноста и ги подготвува известувањата на медиумите;<br>-Организира прес конференции, состаноци и средби со медиуми;<br>-Ја анализира медиумската покриеност на Агенцијата и информациите во медиумите поврзани со капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Учествува во организирање на јавни настапи, предавања или семинари со цел да се подигне свеста со сознанието на јавноста за работењето на Агенцијата;<br>-Го следи реализирањето на одобрениот дизајн и публикувањето на промотивно информативните материјали на Агенција и аудио-визуелните материјали;<br>-Учествува во подготовката и ажурирањето на веб-страница на Агенцијата;<br>-Учествува во изготвувањето на промотивно информативни материјали за членовите на пензиските фондови за најважните аспекти на капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Предлага начини за информирање на граѓаните за категориите на лица кои се обврзани да се зачленат во пензиски фонд и за осигурениците кои може да се зачленат во пензиски фонд по сопствен избор;<br>-Учествува во создавањето на инструменти за оцена на јавното мислење за работењето на Агенцијата и функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Води записници од колегиумот и<br>-Врши други работи определени од раководителот на Отсекот, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 1.2. Одделение за односи со јавност | |
| **Реден број** | 3 |
| **Шифра** | МАП0101ВО1013 |

| | |
|---|---|
| **Ниво** | В01 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за организациона поддршка |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за односи со јавност |
| **Вид на образование** | Општествени науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Организирање на прес конференции, состаноци и средби со медиуми, јавни настапи, предавања и семинари, како и изготвување на промотивно информативни материјали за капитално финансираното пензиско осигурување |
| **Работни задачи и обврски** | -Учествува во воспоставување начин и постапка за информирање на јавноста и во подготвување и доставување на известувањата на медиумите;<br>-Врши работи поврзани со организирање на прес конференции, состаноци и средби со медиуми;<br>-Изготвува документи поврзани со анализата на медиумската покриеност на Агенцијата и информациите во медиумите поврзани со капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Врши работи поврзани со организирање на јавни настапи, предавања или семинари со цел да се подигне свеста на јавноста за работењето на Агенцијата;<br>-Врши работи поврзани со реализирањето на одобрениот дизајн и публикувањето на промотивно информативните материјали на Агенција и аудио-визуелните материјали;<br>-Изготвува нови содржини поврзани со работењето на Агенцијата и капитално финансираното пензиско осигурување за поставување и ажурирање на веб-страницата на Агенцијата и на социјалните медиуми;<br>-Врши работи поврзани со изготвување на промотивни и информативни материјали за капитално финансираното пензиско осигурување и за члeновите на пензиските фондови на како и информирање на граѓаните;<br>-Врши работи поврзани со истражување за оцена на јавното мислење за работењето на Агенцијата и функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Води записници од седниците на Советот на експерти и на колегиумот и |

| | |
|---|---|
| | -Врши други работи определени од раководителот на Одделение, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 1.2.1.Одделение за односи со јавност | |
| **Реден број** | 4 |
| **Шифра** | МАП0101В04001 |
| **Ниво** | В04 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за односи со јавност |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за односи со јавност |
| **Вид на образование** | Правни науки, организациони науки и управување (менаџмент) или социјална работа и социјална политика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активности поврзани со организирање на прес конференции, состаноци и средби со медиуми, јавни настапи, предавања и семинари, како и изготвување на промотивно информативни материјали за капитално финансираното пензиско осигурување |
| **Работни задачи и обврски** | -Учествува во подготвување и доставување на известувањата за медиумите;<br>-Врши работи поврзани со организирање на прес конференции, состаноци и средби со медиуми;<br>-Врши работи поврзани со организирање на јавни настапи, предавања и семинари;<br>-Врши работи поврзани со изготвување на промотивно информативни материјали за капитално финансираното пензиско осигурување;<br>-Врши работи поврзани со ажурирање на веб-страната на Агенцијата и на социјалните медиуми;<br>-Води записници од седниците на Советот на експерти и на колегиумот и<br>-Врши работи поврзани со истражување за оцена на јавното мислење за работењето на Агенцијата и функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување. |

1.3. Одделение за стандардизација

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 4 |
| **Шифра** | МАП0101Б04015 |
| **Ниво** | Б04 |
| **Звање** | Раководител на Одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на Одделение за стандардизација |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Отсек за односи со јавност и стандардизација |
| **Вид на образование** | Економски науки, правни науки или текстилна технологија |

| | |
|---|---|
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Воведување и одржување на системот за управување со квалитет заради развивање на свеста кај вработените, како и воспоставување систем за заштита на лични податоци во Агенцијата |
| **Работни задачи и обврски** | -Учествува во изготовање на процедури за стандардизација на Агенцијата;<br>-Учествува во интерна проверка на системот за управување со квалитет;<br>-Ја претставува Агенцијата пред институциите и правните лица поврзани со следење и управување системите за управување со квалитет;<br>-Ги следи, координира и врши оценка на процесите потребни за организација на системот за управување со квалитет во насока да се воспоставени, спроведени и одржувани ;<br>-Дава иницијативи за преиспитување на системот за управување со квалитет со раководството за ИСО стандардизација;<br>-Го известува Советот на експерти и раководителот на Отсекот за резултатите од спроведување на системот за управување со квалитет и од потребата за негово подобрување;<br>-Го промовира системот за управување со квалитет заради развивање на свеста кај вработените на Агенцијата и задоволување на барањата на клиентите;<br>-Го организира спроведувањето на испитот за агенти на пензиски друштва;<br>-Се грижи за воспоставување систем за заштита на лични податоци во Агенцијата;<br>-Учествува во постапката за обезбедување слободен пристап на информации од јавен карактер;<br>-Води евиденција и изготвува извештаи за своето работење;<br>-Води записници од седниците на Советот на експерти и на колегиумот;<br>-Врши коресподенција на преписки поврзани со работата на претседателот на Советот на експерти;<br>-Врши други работи определени од раководителот на Отсекот, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 1.3 Одделение за стандардизација | |
| **Реден број** | 4А |
| **Шифра** | МАП0101В01017 |
| **Ниво** | В01 |
| **Звање** | Советник |

| | |
|---|---|
| **Назив на работно место** | Советник за стандардизација |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за стандардизација |
| **Вид на образование** | Општествени науки – право |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Одржување на системот за управување со квалитет на Агенцијата, спроведување интерни проверки на системот за управување со квалитет, како и одржување на системот за заштита на лични податоци во Агенцијата |
| **Работни задачи и обврски** | -Изготвува процедури за работењето на Отсекот;<br>-Спроведува интерна проверка на системот за управување со квалитет;<br>-Се грижи, процесите потребни за организација на системот за управување со квалитет, да се воспоставени, спроведени и одржувани и истите ги следи, координира и врши нивна оценка;<br>-Изготвува документи со резултатите од спроведување на системот за управување со квалитет и од потребата за негово подобрување;<br>-Врши работи поврзани со промовирање на системот за управување со квалитет заради развивање на свеста кај вработените на Агенцијата и задоволување на барањата на клиентите;<br>-Врши работи поврзани со спроведување на испитот за агенти на пензиски друштва;<br>-Врши работи поврзани за воспоставување систем за заштита на лични податоци во Агенцијата;<br>-Изготвува документи за постапката за обезбедување слободен пристап на информации од јавен карактер;<br>-Води евиденција и изготвува извештаи за своето работење и<br>- Врши други работи определени од раководителот на Одделението, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 2. Отсек за информатика | |
| **Реден број** | 6 |
| **Шифра** | МАП0101Б02002 |
| **Ниво** | Б02 |
| **Звање** | Раководител на Отсек |
| **Назив на работно место** | Раководител на Отсек за информатика |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Претседател на Совет на експерти |
| **Вид на образование** | Компјутерска техника и информатика |
| **Други посебни услови** | |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | Супервизија на ИТ системите на пензиските друштва, надзор на сигурноста на ИТ системот на Агенцијата и изготвување на план за опоравување од незгода на ИТ системот на Агенцијата |
| **Работни задачи и обврски** | -Раководи со имплементација на стандардот ISMS 27001 и соработува со одговорното лице за управување со квалитет;<br>-Ги оценува и контролира ризиците од областа на информациската технологија;<br>-Врши супервизија на ИТ системите на пензиските друштва во соработка и координација со секторите за контрола;<br>-Дава мислење од ИТ областа за решенијата за преземање на мерки на субјектите кои подлежат на супервизија;<br>-Дава предлози за користење и купување или изнајмување на компјутерска и телекомуникациска опрема;<br>-Предлага политики за развој на информацискиот и телекомуникацискиот систем на Агенцијата;<br>-Ги дефинира, заедно со Советот на експерти на Агенцијата, целите и политиките на работење на Агенцијата, за прашања од негова надлежност;<br>-Дава насоки и врши надзор на сигурноста на информацискиот систем на Агенцијата;<br>-Дава насоки и учествува во изготвување на план за опоравување од незгода на информацискиот систем на Агенцијата;<br>-Дава насоки за изготвување интерни акти кои се однесуваат на информацискиот систем на Агенцијата, неговиот надзор и заштита;<br>-Го предлага начинот на размена на податоците со пензиските друштва, Фондот на ПИОМ, чуварите на имот, Македонската берза, НБРМ и останатите субјекти со кои Агенцијата разменува податоци;<br>-Им дава насоки на вработените во Отсекот заради обезбедување на информациска поддршка на секторите на Агенцијата преку доставување на податоци за тековното работење на секторите;<br>-Учествува во изработка на публикации на Агенцијата;<br>-Го контролира текот на податоци со субјектите со кои Агенцијата е електронски поврзана;<br>-Дава насоки за изработка на системска анализа на внатрешните и надворешните барања за автоматизација на процеси и нивно покривање со ИТ процеси; |

| | |
|---|---|
| | -Се грижи за конзистентноста на податоците во базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата;<br>-Дава насоки за изработка на план за системска архитектура на процесите на Агенцијата во ИТ системот;<br>-Предлага поведување постапки против субјектите кои подлежат на супервизија, поради прекршување на закон;<br>-Врши проверка на податоци во базата на Агенцијата на барање на вработен во Агенцијата;<br>-Води евиденција на предмети кои се примени во Отсекот и<br>-Врши други работи определени од претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 2.1. Одделение за аналитика и програмирање | |
| **Реден број** | 7 |
| **Шифра** | МАП0101Б04002 |
| **Ниво** | Б04 |
| **Звање** | Раководител на Одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на Одделение за аналитика и програмирање |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Отсек за информатика |
| **Вид на образование** | Компјутерска техника и информатика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Одржување конзистентност на податоците во базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата, изработување системска анализа на внатрешните и надворешните барања за автоматизација на процеси и развивање софтверски решенија за потребите на Агенцијата |
| **Работни задачи и обврски** | -Прави спецификации на софтвер кој треба да се набави или развие за потребите на Агенцијата;<br>- Го имплементира стандардот ISMS 27001, го контролира работењето во однос на него и соработува со одговорното лице за управување со квалитет;<br>-Врши техничка анализа на одржливоста на тековните и на нови процеси на Агенцијата;<br>-Го контролира текот на податоци со субјектите со кои Агенцијата е електронски поврзана:<br>-Се грижи за конзистентноста на податоците во базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата;<br>-Изработува системска анализа на внатрешните и надворешните барања за автоматизација на процеси и нивно покривање со ИТ процеси;<br>-Изработува план за системска архитектура на процесите на Агенцијата во ИТ системот; |

| | |
|---|---|
| | -Се грижи за развој и планирање на развојот на системската архитектура на ИТ системот на Агенцијата;<br>-Развива софтверски решенија за потребите на Агенцијата;<br>-Тестира софтверски решенија изработени од надворешни страни за потребите на Агенцијата;<br>-Врши детални анализи и ја проверува конзистентност и валидност на податоците за сметките на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови;<br>-Го одржува системот за известување на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови;<br>-Ја дизајнира, одржува и развива програмата за известување на времено распределените членови по задолжителни пензиски фондови;<br>-Ја дизајнира, одржува и подобрува веб страната на Агенцијата;<br>-Ги оптимизира базите на податоци и базата на веб страната;<br>-Врши контрола на веб сервисите кон Фондот на ПИОМ;<br>-Подготвува програмски процедури за потребите на Отсекот;<br>-Истражува и предлага алтернативи за подобрување и развој на капитално финансираното пензиско осигурување од својата област;<br>-Соработува со релевантни институции од областа на неговото работење;<br>-Ги контролира и потврдува поставените xml датотеки на порталот на Агенцијата;<br>-Дава техничка помош при појава на проблем поврзан со: персонален компјутер, софтвер, е-маил, веб сервиси на ФПИОМ, интернет и сл.<br>-Врши проверка на податоци во базата на Агенцијата на барање на вработен во Агенцијата;<br>-Интервенира по барање од претседателот на Советот на експерти за корекција на системски процедури и податоци и<br>-Врши други работи определени од раководителот на Отсекот, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 2.2. Одделение за аналитика и програмирање | |
| **Реден број** | 8 |
| **Шифра** | МАП0101В01014 |
| **Ниво** | В01 |
| **Звање** | Советник |

| | |
|---|---|
| **Назив на работно место** | Советник – аналитичар и програмер |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за аналитика и програмирање |
| **Вид на образование** | Компјутерска техника и информатика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Техничка анализа на одржливоста на тековните и новите процеси на Агенцијата, изработување план за системска архитектура на процесите на Агенцијата во ИТ системот |
| **Работни задачи и обврски** | -Прави спецификации на софтвер кој треба да се набави или развие за потребите на Агенцијата;<br>-Врши техничка анализа на одржливоста на тековните и на нови процеси на Агенцијата;<br>-Го контролира текот на податоци со субјектите со кои Агенцијата е електронски поврзана;<br>-Се грижи за конзистентноста на податоците во базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата;<br>-Изработува системска анализа на внатрешните и надворешните барања за автоматизација на процеси и нивно покривање со ИТ процеси;<br>-Изработува план за системска архитектура на процесите на Агенцијата во ИТ системот;<br>-Се грижи за развој и планирање на развојот на системската архитектура на ИТ системот на Агенцијата;<br>-Развива софтверски решенија за потребите на Агенцијата;<br>-Тестира софтверски решенија изработени од надворешни страни за потребите на Агенцијата;<br>-Врши детални анализи и ја проверува конзистентност и валидност на податоците за сметките на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови;<br>-Го одржува системот за известување на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови;<br>-Ја дизајнира, одржува и развива програмата за известување на времено распределените членови по задолжителни пензиски фондови;<br>-Ја дизајнира, одржува и подобрува веб страната на Агенцијата;<br>-Ги оптимизира базите на податоци и базата на веб страната;<br>-Врши контрола на веб сервисите кон Фондот на ПИОМ;<br>-Подготвува програмски процедури за потребите на Отсекот; |

| | |
|---|---|
| | -Истражува и предлага алтернативи за подобрување и развој на капитално финансираното пензиско осигурување од својата област;<br>-Соработува со релевантни институции од областа на неговото работење;<br>-Ги контролира и потврдува поставените xml датотеки на порталот на Агенцијата;<br>-Дава техничка помош при појава на проблем поврзан со: персонален компјутер, софтвер, е-маил, веб сервиси на ФПИОМ, интернет и сл.<br>-Врши проверка на податоци во базата на Агенцијата на барање на вработен во Агенцијата;<br>-Интервенира по барање од претседателот на Советот на експерти за корекција на системски процедури и податоци и<br>-Врши други работи определени од раководителот на Отсекот, претседателот и члновите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 2.3. Одделение за мрежи и бази на податоци | |
| **Реден број** | 9 |
| **Шифра** | МАП0101Б04003 |
| **Ниво** | Б04 |
| **Звање** | Раководител на Одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на Одделение за мрежи и бази на податоци |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Отсек за информатика |
| **Вид на образование** | Компјутерска техника и информатика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Контролирање на серверите и комплетната хардверска опрема и имплементирање на стандардот ISMS 27001 |
| **Работни задачи и обврски** | -Врши контрола на серверите и комплетната хардверска опрема;<br>-Определува простор и средства на серверите и базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата;<br>-Прави сигурносни копии на базите на податоци и корисничките компјутери и изготвува процедури за водење и чување на сигурносните копии;<br>-Ги администрира базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата;<br>- Го имплементира стандардот ISMS 27001 и соработува со одговорното лице за управување со квалитет;<br>-Изготвува процедури за контрола на пристап кон личните податоци заради заштитата на лични податоци;<br>-Го контролира интернет пристапот на Агенцијата; |

| | |
|---|---|
| | -Се грижи за сигурноста на ИТ системот на Агенцијата;<br>-Се грижи за развој и планирање на развојот на инфраструктурата на ИТ системот на Агенцијата;<br>-Развива хардверски и мрежни решенија за потребите на Агенцијата;<br>-Ја администрира веб страната на Агенцијата;<br>-Дава предлози и прави спецификација за користење и купување или изнајмување на компјутерска и телекомуникациска опрема;<br>-Дава техничка помош при појава на проблем поврзан со: персонален компјутер, софтвер, е-маил, веб сервиси на ФПИОМ, интернет и сл.;<br>-Проверка на податоци во базата на Агенцијата на барање на вработен во Агенцијата;<br>-Соработува со релевантни институции од областа на неговото работење;<br>-Истражува и предлага алтернативи за подобрување и развој на капитално финансираното пензиско осигурување и<br>-Врши други работи определени од раководителот на Отсекот, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 2.4. Одделение за мрежи и бази на податоци | |
| **Реден број** | 10 |
| **Шифра** | МАП0101ВО1015 |
| **Ниво** | В01 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за мрежи и бази на податоци |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за мрежи и бази на податоци |
| **Вид на образование** | Компјутерска техника и информатика |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Развивање хардверски и мрежни решенија за потребите на Агенцијата и контролирање на интернет пристапот на Агенцијата |
| **Работни задачи и обврски** | -Врши контрола на серверите и комплетната хардверска опрема;<br>-Определува простор и средства на серверите и базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата;<br>-Прави сигурносни копии на базите на податоци и корисничките компјутери и изготвува процедури за водење и чување на сигурносните копии;<br>-Ги администрира базите на податоци во ИТ системот на Агенцијата; |

| | |
|---|---|
| | -Изготвува процедури за контрола на пристап кон личните податоци заради заштитата на лични податоци;<br>-Го контролира интернет пристапот на Агенцијата;<br>-Се грижи за сигурноста на ИТ системот на Агенцијата;<br>-Се грижи за развој и планирање на развојот на инфраструктурата на ИТ системот на Агенцијата;<br>-Развива хардверски и мрежни решенија за потребите на Агенцијата;<br>-Ја администрира веб страната на Агенцијата;<br>-Дава предлози и прави спецификација за користење и купување или изнајмување на компјутерска и телекомуникациска опрема;<br>-Дава техничка помош при појава на проблем поврзан со: персонален компјутер, софтвер, е-маил, веб сервиси на ФПИОМ, интернет и сл.;<br>-Врши проверка на податоци во базата на Агенцијата на барање на вработен во Агенцијата;<br>-Соработува со релевантни институции од областа на неговото работење;<br>-Истражува и предлага алтернативи за подобрување и развој на капитално финансираното пензиско осигурување и<br>-Врши други работи определени од раководителот на Отсекот, претседателот и членовите на Советот на експерти поврзани со работното место. |
| 3. Внатрешна ревизија | |
| **Реден број** | 11 |
| **Шифра** | МАП0101Б02003 |
| **Ниво** | Б02 |
| **Звање** | Внатрешен ревизор |
| **Назив на работно место** | Внатрешен ревизор |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Претседател на Совет на експерти |
| **Вид на образование** | Економски науки или правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Оценување на усогласеноста на работењето на Агенцијата со законите, подзаконските и интерните акти |
| **Работни задачи и обврски** | -Изготвува упатство за работа на внатрешната ревизија и повелба за внатрешна ревизија;<br>-Подготвува годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на проценка на ризикот и по одобрувањето на Советот на експерти го обезбедува нивното спроведување и следење;<br>-Ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето на Агенцијата со законите, подзаконските и интерните акти; |

| | |
|---|---|
